Управниот Одбор согласно член 20 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18), и член 18 од Статутот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони и Деловникот за работа на Управниот одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на својата сто педесет и втора електорнска седница одржана на ден 22.12.2023 година донесе

# О Д Л У К А

1. Се одлучи надоместокот за услугата снабдување со природен гас на потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2 да изнесува 0,070 денари за KWh природен гас.
2. Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува за сите испорачани количества природен гас од 01.01.2024 година.

*Образложение*

Дирекцијата за ТИРЗ врз основа на предвидените количини на природен гас за потрошувачите кои се корисници на дистрибутивниот систем и планираните оперативните трошоци за вршење на дејноста снабдување на природен гас на потрошувачите приклучени на системот за дистрибуција на природен гас во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2, одлучи надоместокот за услугата снабдување со природен гас да изнесува 0,070 денари за KWh природен гас. Зголемувањето на предвидениот надомест е поради зголемувањето на обемот на работи кои е потребно да се извршуваат согласно новите правила за интерконекција и пренос, воведување на нови мерки на отчитување и пресметки од $Нм^3$ во КВч, воведување на евиденција и статистика на месечни и дневни најави и вршење на билансиране на најавите, собирање на понуди и склучување на договори на месечно ниво со што е потребно ангажирање на поголем број на вработени. Со предвидениот надомест да се овозможи покривање на трошоците за склучување на договори за набавка на гас, склучување на договори со потрошувачите на гас, отчитување, евидентирање и фактурирање на испорачаните количини природен гас, а воедно да стимулира и овозможи задржување на конкурентноста и привлекување на нови корисници на системот за дистрибуција на природен гас ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2.

Врз основа на горенаведеното Управниот одбор одлучи како во диспозитивот.

Претседател на Управен Одбор
Целил Ахмед